


[Прес соопштение] МЦМС спроведе повеќе истражувања за прашања од општествен интерес, меѓу кои и за општествената одговорност на граѓаните . Ве известуваме за резултатите од делот што се однесува на одговорноста за општествените прашања.

Според одговорите на испитаниците, државата (50,5 %) сè уште е најодговорна за решавањето на општествените потреби. Вакви биле очекувањата и во 2009 година (51,9 %). Повисоки очекувања од државата постојат меѓу етничките Албанци (56,8 % во 2011 г., 61,1 % во 2009 г. ), земјоделците (63 %) и граѓаните од пониска класа (62,5 %).

Високите очекувања кон државата, со пониски очекувања од самите граѓани и скоро отсуство на очекувања од приватниот сектор, говори за етатистичката култура, како остаток на државниот социјализам, односно мала јавна поддршка на устројување на Македонија како либерално-демократски уставен систем.


Државата
50,5 (↔)
Одговорноста е заедничка/споделена
33,4 (↔)
Граѓаните (индивидуално и/или организирано во граѓански организации)
7,2 (↔)
Приватниот (бизнис) сектор
3,0 (↔)
Немам став
3,5 (↔)
0
10
20
30
40
50
60
%